**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и точка 12 став 3 од Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 88/21), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО
## за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 112/21)

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/20), во точката 1 став 1, во алинејата 2, точката и запирката се заменуваат со точка, а алинејата 3 се брише.

2. Во точката 5, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

3. Главата IV. Известување на системски значајните банки се брише, главата V. Завршни одредби, станува глава IV. Завршни одредби, а точката 8 станува точка 7.

4. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**У бр. 16-14990/1**
**12 мај 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**